РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 02-3003/3
01. 08. 2024 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**Комисија за селекција за избор на член во Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци**

Бр.02-
2024 година
Велес

Врз основа на член 7 став (2) од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Републиика Северна Македонија" бр.283 од 27.12.2022 година, Комисијата за селекција за избор на член во управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци формирана со Решение арх.бр.25-2823/23 од 08.07.2024 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Марија Чатмова-претседател
2.Зорица Миладиновска-член
3.Стефанија Гаврилова- заменик член

за текот на постапката за селекција го поднесува следниот

**ЗАПИСНИК**

Комисијата спроведе постапка на селекција (административна селекција-фаза 1 спроведена на 30 07.2024 г. и интервју-фаза 2, спроведено на 31.07..2024 г. за член во Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци.

**-Административна селекција**

Состанокот на Комисијата одржан на 30 јули 2024 година, започна во 12,00 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Марија Чатмова.

На состнокот на Комисијата присуствуваа членот Зорица Миладиновска и заменик членот Стефанија Гаврилова.

Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатот за член на управен одбор, уредно пријавен на Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци бр.25-2823/21 од 08.07.2024 година

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесената пријава со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување,

селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија изврши бодување на пријавениот кандидат, според стекнато образование и работното искуство во струката, при што ги бодуваше и сите поединечни докази (сертификати, лиценци, уеренија, дипломи издадени од акредитирани институции) од областа за која треба да биде членот на Управниот одбор.

Врз основа на спроведената административна селекција Комисијата констатираше дека на Јавниот повик е пријавен само еден кандидат и истиот ги исполнува условите утврдени во Јавниот повик, при што изврши бодување на доставените докази:

- Сашко Ташковски-работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие- 24 бода.
  -бодови за стекнато образование-10 бода
  -бодови за работно искуство во струката-10 бода
  -останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-4 бода

Состанокот на Комисијата заврши во 12,30 часот.

**-Интервју-фаза 2**

По спроведената административна селекција, Комисијата на ден 31.07.2024 година, спроведе интервју со кандидатот кој ја помина административната селекција.

Интервјуто започна во 14 часот во Електронската сала на Општина Велес.

На интервјуто беа поставувани ситуациони прашања со цел да бидат проверени општите работни компетенции за член на управен одбор на јавното претпријатие, како и стручни прашања, практични задачи за да се проверат посебните работни компетенции на кандидатите.

Врз основа на спроведеното интервју, Комисијата го изврши следното бодување:

- Сашко Ташковски-работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие- 30 бода.
  -ситуациони прашања-15 бода
  -стручни прашања-15 бода

**Комисија за селекција за избор на член во Управен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци**

Марија Чатмова, Претседател-----------------
Зорица Миладиновска, член
Стефанија Гаврилова, заменик член